КХВ ОДОБРИ

# Емисија на 200.000 акции на Тобако

Комисијата за хартии од вредност (КХВ) одобри емисија на 200 илјади обични акции, со минимална продажна цена од 617 денари по акција по пат на јавна понуда на друштвото за трговија и услуги „Тобако" а.д. Скопје. Доколку оваа јавна емисија биде успешна, „Тобако" ќе го исполни условот да биде запишано во Регистарот на КХВ на друштва со посебни обврски за известување, во којшто во моментов се водат 154 компании. КХВ одби да ја ослободи „Стопанска банка" а.д. Битола од обврската за обелоденување на ценовно чувствителна информација во врска со поведена судска постапка, чија висина изнесува повеќе од 5% од вредноста на капиталот на банката.